"Локален Музеј-Г... ија Кавадарци"
Бр 01-241
29.12. 2022 год.
КАВАДАРЦИ

# УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИИ

Сите вработени се должни да се вклучат во акција на гасење пожар, спасување на имот и материјални добра во сопственост на Музеј-галеријата.

Обврска на секој вработен е кога ќе забележи пожар веднаш да се вклучи во акција гасење и спасување на пожар ако тоа е без опасност за себе или друг и да ја извести најблиската противпожарна единица.

Известувањето се врши со јавување преку телефон кое е бесплатно на **193**.

Вработените веднаш организирано вршат евакуација на посетителите упатувајќи ги кон најблиските излези од објектот во слобеоден и безбеден простор внимавајќи да не настане паника. Помошниот персонал и вработените активно се вклучуваат во акција гасење и спасување на имот од пожар со користење на претходно поставена техничка опрема, противпожарни апарати, хидранти и др.

Со акцијата гасење на пожар и спасување на материјалните добра до доаѓање на пожарна единица раководи одговорното лице, директорот на Музејот или лице од него определено.

Заради ефикасно гасење на пожар на главната склопка се исклучува струјата и сите електрични и други уреди кои се користат во објектот. Се исклучуваат од работа сите претходно вклучени електрични и други уреди кои се користат во објектот, електрични апарати грејни уреди и други направи.

Се затвараат сите сите врати и прозорци и се спречува прилив на свеж воздух од надвор кој го разгорува пожарот.

Се евакуираат сите неопходни документи за работа на Музејот. Се оттстрануваат сите запаливи и други опасни материјали кои во случај на пожар можат да развијат отровни и штетни гасови.

При гасењето на пожарот и спасувањето на материјалните добра се води грижа за да не дојде до повредување на лица за што се користат заштитни средства и опрема.

Се обезбедуваат сите евентуални докази за можните причини за настанот кои се предаваат на органите на редот и мирот.

Постапувањето на ова упатсво е задолжително за сите обврзници во системот на заштита и спасување од пожари. Ова упатство за заштита од пожари и експлозии се изготвува согласно член 72 од Законот за заштита и спасување.

**Локален Музеј-Галерија Кавадарци**

**Директор :**

/Гоме Крстевски/